**Известување за концентрација со која Телемах, широкопојасна комуникација, д.о.о., Словенија стекнува самостојна контрола над трговското друштво КАБЕЛСКО РАЗДЕЛИЛНИ СИСТЕМ, друштво за дистрибуција на ТВ и радио програми, д.о.о., Словенија**
**(предмет бр. 08-7/2022)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 10.01.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која друштвото Телемах, широкопојасна комуникација, д.о.о., со седиште на адреса Брнчичева улица 49А, 1231 Љубљана – Чрнуче, Словенија ќе стекне самостојна контрола над друштвото КАБЕЛСКО РАЗДЕЛИЛНИ СИСТЕМ, друштво за дистрибуција на ТВ и радио програми, д.о.о., со регистрирано седиште на адреса Никова улица 9, Ленарт во Словенечки ридови, Словенија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Телемах, широкопојасна комуникација, д.о.о.** е во крајна сопственост на фондови советувани од БЦ Партнерс ЛЛП (BC Partners LLP), меѓународен инвестициски фонд со седиште во Лондон.

БЦ фондовите се исклучиво финансиски инвеститори, т.е. не се вклучени во секојдневните деловни активности на компаниите во кои инвестираат, со кои управуваат сопствени одбори на директори.

БЦ Партнерс има регистрирано присуство во Република Северна Македонија преку следните индиректно зависни друштва:

- Тотал ТВ ДОО Скопје, со регистрирано седиште на Булевар ВМРО бр. 3, Центар, Скопје, кое се бави со дистрибуција на медиумски содржини преку DTH техничка платформа, и
- ДИРЕЦТ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Орце Николов 68/3, Центар, Скопје, кое се бави со маркетиншки дејности.

**КАБЕЛСКО РАЗДЕЛИЛНИ СИСТЕМ, друштво за дистрибуција на ТВ и радио програми, д.о.о.** е сопственик на телекомуникациска инфраструктура, односно кабелска мрежна инфраструктура на територијата на градот Ленарт во Словенија. КАТВ Ленарт работи исклучиво со изнајмување на својата кабелска инфраструктура на заинтересирани оператори во градот Ленарт, за целите на обезбедување услуги на крајните корисници.

Целното друштво не е присутно, ниту има зависни регистрирани друштва во Република Северна Македонија.

Што се однесува до **географскиот опсег на пазарот** за предметната концентрација, Подносителот предлага релевантниот географски пазар да биде дефиниран како територијата на Република Северна Македонија.

По однос на **релевантниот пазар на стоки** за предметната концентрација, Подносителот предлага дека истиот би можел да се дефинира како пазар на

изнајмени линии, имајќи ги во предвид претежните деловни активности на целното друштво.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува сите заинтересирани страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

13.01.2022 година, Скопје